Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на РМ, на својата 24. седница одржана на 28.11.2013 година, донесе

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 13 XII 2013
Орг. Един. 03 | Број 1518/12 | Прилог | Вредност

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиска програма „Архитектура", прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии на Архитектонски факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Архитектура", прв и втор циклус интегрирани петгодишни студии на Архитектонски факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од пет години (десет семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 300 (304) ЕКТС и со звање: **Магистер по архитектура,** научно-истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки, научно истражувачко поле: Архитектура, Урбанизам и планирање, научна област: 20100, 20101, 20102, 20103, 20104, 20105, 20106, 20107, 20108, 20109, 20112, 20114, 20115, 20117 и 20118.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на претходно донесената одлука на Наставно - научниот совет на Архитектонски факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за организирање прв и втор циклус петгодишна интегрирана студиска програма „Архитектура" и одлуката на Универзитетскиот сенат на Архитектонски факултет, при Универзитет „Св Кирил и Методиј" во Скопје за усвојување на таа студиска програма, на 17.06.2013 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото

образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на својата 21. седница одржана на 28.06.2013 година, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 24. седница одржана на 28.11.2013 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Миколај Кузиновски